Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 1136/2021

Дата: 13 -08- 2021

Врз основа на член 88 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), како и врз основа на член 42, став 1 и став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Охрид се издаваат **Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистчки план за село Елшани, КО Елшани, Општина Охрид.** Површината на планскиот опфат изнесува 18,16 ха.
2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех. бр. Y11521** се составен дел на Решението.
3. Условите за планирање на просторот за изработка на Урбанистчки план за село Елшани, КО Елшани, Општина Охрид, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и **заклучни согледувања со обврзувачка активност** од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.
4. Согласно Студијата за заштита на природно наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија на просторот предложен за изработка на Урбанистички план за село Елшани, КО Елшани, Општина Охрид, влегува во граници на Национален Парк Галичица, и се наоѓа во близина на заштитен Споменик на природата Охридско Езеро.
5, Предметната локација се наоѓа во опфат на просторот заштитен како светско природно и културно наследство во Охридсккиот регион, заради што е потребно да се почитуваат одредбите од Законот управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион (Службен весник на РепубликаМакедонија, број 75/10), Планот за управување со Светско природно и културно наследство на Охридскиот регион (Службен весник на Република Северна Македонија, број 45/20), како и одредбите на Конвенцијата на УНЕСКО и документите донесени од органите на оваа Организација.
6. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на планската документација потребно е да се почитуваат одредбите


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 106 212
www.moepp.gov.mk

пропишани во Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

7. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за предметната документација за Урбанистчки план за село Елшани, КО Елшани, Општина Охрид, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Охрид, врз основа на член 42, став 1 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УП 36000, до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистчки план за село Елшани, КО Елшани, Општина Охрид.

Согласно член 42, став 8 од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изработка на Урбанистчки план за село Елшани, КО Елшани, Општина Охрид и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1136/2021 од 06.08.2021 година.

**Условите за планирање на просторот се издаваат за изработка на Урбанистчки план за село Елшани, КО Елшани, Општина Охрид и претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.**

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение и одлучи како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi

Републиka Северна Македонија, Министерство за животна средина и просторно планирање, Скопје / Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor, Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut

Изготвил: Исмаил Шехаби

Одобрил: Соња Фурнаџиска